Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

Извадок на дел дневните настани 09.12.2022

Денеска (09.12.2022) во Скопје, полициски службеници од Одделот за криминалистичка полиција – Сектор за недозволена трговија со дрога, оружје и опасни материи во координација со полициски службеници од СВР Скопје – Единица за недозволена трговија го лишиле од слобода И.Ч.(43) од Тетово, со живеалиште во Скопје. При претрес во домот во кој живее, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени пиштол „Browing" со 12 куршуми калибар 7,65 и рамка за пиштолот. Лицето било задржано во полициска станица и за настанот бил запознаен Јавен обвинител. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена пријава по член 396 од Кривичниот законик.

На 08.12.2022 во 10.00 часот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода А.Р.(20) од Скопје, со место на живеење во Куманово. Тој се сомнича дека извршил четири кражби, од кои три во куќи и една во деловен објект и одјел повеќе предмети. Одземените биле пронајдени и вратени на сопствениките, а А.Р. бил приведен во полициска станица. По целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

На 08.12.2022 во 14.20 часот на подрачјето на Центар во Скопје, полициски службеници од Единицата за внатрешни работи Центар и Бит Пазар го лишиле од слобода Р.Р.(21) и Ц.Р.(32), двајцата од Скопје. Тие се сомничат дека одзеле пари од возило „цитроен" со скопски регистарски ознаки, сопственост на З.Д.С.(47) од Скопје, кое истиот ден било оставено за чистење во автопералницата во која работеле. Лицата биле задржани во полициска станица и во службен разговор го признале делото. Парите биле пронајдени и вратени на сопственикот, а за случајот бил запознаен Јавен обвинител. По целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава по член 235 од Кривичниот законик.

На 09.12.2022 во 04.00 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од ЕВР Центар и Бит Пазар го лишиле од слобода Д.С.(40) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена прашкаста материја. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 08.12.2022 во 12.00 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.М.(22) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена бела грутчеста материја. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 08.12.2022 во 14.50 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Г.М.(34) од Скопје, затоа што кај него бил пронајдено и одземено масло од канабис. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 08.12.2022 во 23.00 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода И.Ш.(23) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (09.12.2022) во 00.15 часот во Радовиш, полициски службеници од Одделението за внатрешни работи Радовиш го лишиле од слобода С.Б.(30) од Радовиш. При преглед на патничко возило „шкода" со радовишки регистарски ознаки, кое го управувал, биле пронајдени и одземена марихуана. Лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 08.12.2022 во 19.20 часот на ул.„Охридска" во Битола, полициски службеници од Полициската станица Битола лишиле од слобода малолетник од Битола, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот, ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 08.12.2022 во 12.40 часот на улица „Брака Миладинови" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово, со судска наредба, го привеле 31-годишниот тетовец Л.В. за издржување на затворска казна. Лицето било спроведено во Казнено-поправната установа Затвор Тетово за издржување на казната.

На 08.12.2022 во периодот од 08.00 до 20.00 часот на тетовско-гостиварското подрачје, полициски службеници на СВР Тетово спроведоа засилена акциска контрола за санкционирање на возачите кои управуваат возила со бројна поголема од пропишаната. При контролата биле откриени и законски санкционирани 154 возачи (ТЕ-91 и ГВ-63) кои ја пречекориле максимално дозволената брзина надвор од населено место. Од нив, 17 возачи (ТЕ-10 и ГВ-7) ја пречекориле брзината за над 70 километри на час повеќе од дозволеното, 72 возачи (ТЕ-52 и ГВ-20) до 70 километри на час и така натаму. Покрај ова, во контролата санкционирани се и 112 возачи (ТЕ-79 и ГВ-33) кои ја пречекориле пропишаната брзина во населено место, како и 33 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-14 и ГВ-19). На сите прекршители изготвени им се соодветни поднесоци и ќе се соочат со предвидените парични глоби кои, зависно од големината на пречекорувањето, се движат од 20 до 400 евра во денарска противвредност. За прекршителите кои пречекориле повеќе од 30, односно од 50 километри на час, ќе следува и заштитна мерка времено одземање на возачките дозволи од три месеци до една година.

На 08.12.2022 во периодот од 09.00 до 14.00 часот на подрачјето на СВР Охрид биле спроведени засилени сообраќајни контроли. Притоа, полициските службеници затекнале и санкционирале 89 возачи кои управувале моторно возило со бројна поголема од дозволената (Охрид-29, Струга-44, Кичево- 05, Дебар-11).

На 08.12.2022 на подрачјето на СВР Штип полициски службеници спроведоа акциска контрола на возачи кои управуваат возила со бројна поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 81 прекршоци, од кои 45 во населено место и 36 надвор од населено место, од нив 23 на подрачјето на Штип, 18 во Свети Николе, 15 во Делчево, по 8 во Берово и во Виница, 5 во Кочани и 4 во Пробиштип. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 30 други видови на прекршоци, од кои 19 за управување возило без возачка дозвола, 2 за технички неисправно возило, 3 за нерегистрирано возило, 3 за возач почетник, 2 за управување возило под дејство на алкохол и 3 за некористење сигурносен појас.

На 08.12.2022 во периодот од 07.20 часот во Полициската станица Струга било пријавено дека на регионалниот пат Струга-Дебар се случила сообраќајна несреќа помеѓу патнички возила „ауди" со струшки регистарски ознаки, управувано од Б.И.(61) од Струга и „опел" со охридски регистарски ознаки, управуван од М.М.(44) од Охрид. Притоа, со тешки телесни повреди се здобила С.Т.(43) од Охрид, сопатничка во возилото „опел", додека со телесни повреди се здобила, исто така, сопатничката од возилото „опел" К.Б.Р.(43) од Охрид, констатирани во болницата Св.Еразмо" во Охрид. Увид на местото извршила екипа од Полициската станица Струга.

На 08.12.2022 во 23.15 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосница од бул. „Крсте Мисирков", бул.„Кочо Рацин", бул.„Кузман Јосифоски - Питу" и Кеј „13 Ноември", патничко возило „фора фужи" со скопски регистарски ознаки, управувано од З.А.(63) од Скопје, удрило во С.М.(24) од Крива Паланка. Во несреќата С.М. се здобила со тешки телесни повреди, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 08.12.2022 во 22.25 часот во СВР Куманово било пријавено дека на ул.„Козјачка" во с.Доброшане, кумановско, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „опел" со кумановски регистарски ознаки, управувано од М.Б.(28) од с.Доброшане и мотоцикл без регистарски ознаки, управуван од малолетник од с.Романовце, кумановско. Во несреќата мотоциклистот се здобил со тешки телесни повреди, а малолетна сопатничка од мотоциклот се здобила со телесни повреди, констатирани во Општата болница во Куманово. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Куманово.

На 08.12.2022 во 15.40 часот во Полициската станица Чаир, В.М.(45) од Скопје пријавил дека во населбата Радишани неговата малолетна ќерка била каснато од куче скитник. На 08.12.2022 година, С.М. од Охрид во полициска станица пријавила дека на улицата „Марко Цепенков" во Охрид нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

СВР Штип поднесе кривична пријава против К.М.(18) од Делчево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „одземање и неовластено користење во компјутерски систем". На 28.05.2021, пријавениот обезбедил податоци од дебитна картичка на дедо му, по што во 468 наврати со неа плакал за игри и вршел купувања. На тој начин го оштетил дедо му за сума од 468.832 денари.

Денеска (09.12.2022), полициски службеници од криминалистичката полиција при СВР Битола го лишиле од слобода Г.Ј.(37) од Битола. При претрес во домот кој го користи во с.Тополчани, прилепско, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени два пиштола, три рамки за пиштоли, една пушка и неколку куршуми со различен калибар. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (09.12.2022) во 11.15 часот во село Раклиш, радовишко, полициски службеници од Одделението за внатрешни работи Радовиш го лишиле од слобода Р.Т.(27) од Радовиш. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени марихуана и дигитална вага. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Полициски службеници од Отсекот за општ криминал при СВР Штип, по преземени оперативни мерки и активности, расчистија шест кривични дела „тешка кражба" и едно кривично дело „кражба" извршени во периодот од 10.11. до 08.12.2022 од викенд куќи и куќи на подрачјето на Штип. Поради сомнение дека ги извршил делата, од слобода бил лишен Е.Ј.(18) од Штип. Во службен разговор во полициска станица тој ги признал кривичните дела. Поголем дел од украдените предмети биле пронајдени, одземени и вратени на оштетените граѓани. По комплетирање на случаите против него ќе бидат поднесени соодветни кривични пријави. Притоа, по преземени мерки и активности дополнително се расчистени уште четири кривични дела „тешка кражба" извршени во текот на 2022 од товарно моторно возило, бутик, стан и куќа, за кои постојат основи на сомнение дека ги извршиле Д.М.(33), С.С.(26), Е.М.(20) и еден малолетник, за кои од претходно се преземени мерки. По комплетирање на случаите против лицата до ОЈО ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 08.12.2022, полициски службеници од Полициската станица Пробиштип го лишиле од слобода Г.И.(37) од с.Злетово, пробиштипско, затоа што околу 13.30 часот во атар на с.Лесново, пробиштипско, на место викано Голак, додека биле на лов со Ј.К.(56) од с.Злетово, го повредил со ловечка пушка. Пушката била одземена за понатамошна постапка, а повредениот бил пренесен во Клиничка болница Штип за укажување лекарска помош. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветна пријава.

На 07.12.2022 во 18.40 часот во Полициската станица Кисела Вода било пријавено дека во градски автобус, додека сообраќал на подрачјето на Кисела Вода, Скопје, 17-годишник од Скопје физички нападнал друг малолетник од с.Долно Количани, скопско. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.12.2022, по преземени мерки и распишан централен распис од Единицата за насилен криминал, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода В.П.(36) од с.Солиште, скопско и Л.П.(34) од Скопје. Тие се сомничат дека на 07.12.2022 на ул.„Христо Татарчев" во Скопје со уште едно лице физички го нападнале А.А. од Скопје и му нанеле тешка телесна повреда. Лицата биле задржани во полициска станица и во службен разговор го признале делото. За настанот бил известен Јавен обвинител и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена пријава по член 386 од Кривичниот законик.

На 08.12.2022 во 14.18 часот во СВР Скопје било пријавено дека во стан на ул.„Симеон Кавракиров" починала М.М.(31) од Скопје. Екипа од Итна медицинска помош констатирала смрт без видливи траги на насилство. Увид на местото бил извршен од екипа од СВР Скопје, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатата било дадено на ембалажа.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против М.С.(31) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување со опасно орудие при тепачка или каранија". На 18.11.2022 во зграда во која живеел, пријавениот со пушката го закажал во С.С.(54) од Скопје и неговата сопруга.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Т.А.(34) од Свети Николе, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 11.10.2022, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот при што пронашле и одзеле марихуана, како и вага со остатоци од марихуана и од кокаин.

На 08.12.2022 во 22.00 часот во СВР Скопје, С.Ј.(59) од Скопје пријавила дека на подрачјето на Радишани нејзиниот малолетен син и уште еден малолетник биле физички нападнати од неколку малолетници, кои употребуле и тврди предмети. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.Е.(56) од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување со опасно орудие при тепачка или каранија". На 16.10.2022 во угостителски објект во Гостивар, по претходна расправија, пријавениот со нож се закаинувал и се обидел да нападне едно лице.

Денеска (09.12.2022) во 02.19 во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Воин Драшковски" во Скопје настанал пожар во патничко возило „тојота цхр" со скопски регистарски ознаки, сопственост на Д.Д. од Скопје. Повредени лица нема. Увид бил извршен.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против А.Н.(18) од с.Пласница, кичевско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 10.11.2022 во Кичево, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

На 08.12.2022 во СВР Скопје било пријавено дека околу 12.30 часот на ул.„Вуковарска", по претходна расправија помеѓу Р.Б.(34) и П.Б.(29), од една страна, и В.А., од друга страна, сите троица од Скопје, В.А. испукал од огнено оружје кон П.Б.. Повредени лица нема, а од проектилот било оштетено паркирано патничко возило. Бил извршен увид и се работи на расчистување на случајот.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против А.А.(52) од с.Горенци, општина Дебрца, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 12/13.01.2022, полициски службеници извршиле претрес во домот и помошни простории на пријавениот, при што пронашле и одзеле ловечка пушка и 30 куршуми калибар 12, за кои не поседувал дозвола.

МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Сектор упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-mouta: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет